**20232844942**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРАНЦИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за странци
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2023 година.

Бр. 08-6757/1
27 декември 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРАНЦИ

Член 1

Во Законот за странци (*) („Службен весник на Република Македонија” број 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 108/19 и 294/21), по членот 223 се додава нов член 223-а, кој гласи:

„Член 223-а

(1) Лицата под меѓународна заштита во Република Северна Македонија или лица на кои им престанала заштита во земјава, кои како преостанати лица бегалци од Косовската криза од 1999 година сè уште се присутни на територијата на Републиката и нивните деца, со денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се стекнат со право на постојан престој во Република Северна Македонија ако во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон поднесат барање за одобрување постојан престој.

(2) На лицата на кои им престанала заштитата од ставот (1) на овој член им се одобрува постојан престој, доколку пред поднесувањето на барањето за одобрување постојан престој непрекинато престојувале на територијата на Република Северна Македонија.

(3) Условот за непрекинат престој во Република Северна Македонија од ставот (2) на овој член се смета дека е исполнет ако лицето во периодот од престанокот на меѓународна заштита до денот на поднесување на барањето за постојан престој не престојувал надвор од Република Северна Македонија три последователни месеци или во временски период кој во вкупно времетраење не надминува шест месеци и повторно се вратил во земјава.

(4) Лицата од ставот (1) на овој член е потребно да достават доказ издаден од Министерството за внатрешни работи дека сé уште се под заштита во Република Северна Македонија или дека заштитата им престанала во земјава, но ги исполнуваат условите предвидени во ставовите (2) и (3) на овој член.

(5) За лицата од ставот (1) на овој член не важат одредбите од членот 130 од овој закон, освен одредбата од ставот 1 алинеја 6.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.